# ОДГОВОР

## на забелешки од Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Безбедносни аспекти и услови за престој во КПУ и ВПУ во РМ, добиени се забелешки од :

- Директорот на Управата за извршување на санкции под број 07 – 118/7 од 22.02.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 35 – 220/4 од 23.02.2012 година.

Нацрт извештајот до субјектите е доставен на 18.01.2012 година и се однесува на извршена ревизија на успешност за Безбедносните аспекти и услови за престој во КПУ и ВПУ во РМ.

Забелешките на субјектите и одговорите на Државниот завод за ревизија се изнесени со цел обезбедување објективност и почитување на ставовите на двете институции.

**Одговор на Државниот завод за ревизија по забелешките на Управата за извршување на санкции**

Забелешките на директорот на Управата за извршување на санкции се однесуваат на поглавјето Ревизорски наоди и се во насока на потврдување на наодите, делумно несогласување со наодите искажани во Нацрт извештајот, а во најголем дел укажување за превземени активности од страна на УИС по однос на препораките дадени во истиот, од период на завршување на ревизијата до периодот на доставување на забелешки, 23.02.2012 година.

Забелешките на директорот на Управата се фокусираат на поглавје **Ревизорски наоди** од Нацрт извештајот и тоа на следните прашања:

Во однос на точката 1 – Законска регулатива од областа, **потточка 1.1.** од Нацрт извештајот директорот на УИС доставил забелешка по однос на основот за изработка на Стратешкиот план на УИС за периодот 2008- 2012, односно Анализа на состојбите во КПУ и ВПУ во РМ која е усвоена од Владата на РМ во 2007 година. Според УИС, Анализа на состојбите во КПУ и ВПУ, во која се детектирани недостатоците и се утврдени приоритетните цели за подобрување на состојбата во затворскиот систем е основ за изработка на Стратешкиот план на УИС, за да во следните пасуси од забелешката укаже дека Стратешкиот план на УИС секоја година се ревидира и надополнува при што не се зема истиот основ - Анализа на

состојбите во КПУ и ВПУ во РМ, туку сите ревидирања и дополнувања на стратешкиот план се извршени согласно новите потреби утврдени од страна на Управата за развој на пенитерцијарниот систем. УИС во забелешката наведува дека врши континуирано утврдување на состојбата во затворскиот систем со надзор и контрола над работењето во КПУ преку редовни, контролни и вонредни надзори и во зависност од утврдените состојби, се утврдуваат недостатоци, се прават анализи и истражувања за утврдување на потребните активности за надминување на проблемите и недостатоците во работењето на КПУ.

Забелешката на директорот на УИС за потточка 1.1. **не се прифаќа,** при што го даваме следното образложение:

- Во стратешките планови на УИС за 2008, 2009 и 2010 година, во делот Вовед потенцирано е дека при изработката на Стратешкиот план на Управата, користена е Анализа на состојбите во КПУ и ВПУ од 2007 година која е детален увид на состојбите и врз основа на истата се определени приоритети за кои треба да се превземат итни мерки за обезбедување на ефикасно функционирање на секоја установа. Во забелешката за истото се согласува и УИС;
- Според УИС сите ревидирања и дополнувања на Стратешките планови се вршат согласно новите потреби утврдени од страна на Управата, односно континуирано се врши утврдување на состојбата во затворскиот систем преку извршени стручно-инструкторски надзори. На ревизијата со забелешките не и е доставена дополнителна поткрепувачка документација за постигнати резултати од извршени надзори по години (извештај/информација), освен за 2010 година која ни е претходно доставена. (Информација за извршени стручно-инструкторски надзори над работењето во КПУ и ВПУ во РМ за 2010 година и истата е доставена и до Влада на РМ);
- Во воведот на стратешките планови не е наведено дека покрај Анализа на состојбите во КПУ и ВПУ од 2007 година, основ за утврдување на потребни активности, а со тоа и на постигнати резултати се и извештаи/информации за надзор и контрола над работењето во КПУ.

Исто така напомнуваме дека во Стратешкиот план на УИС за 2011 година во гореспоменатиот дел, Вовед, изоставен е пасусот во кој се појаснува значењето, улогата и суштината на документот - Анализа на состојбите во КПУ и ВПУ од 2007 година, што не е случај со делот Вовед во Стратешките планови на УИС за годините 2008, 2009 и 2010 година, што е всушност временскиот опфат на извршената ревизија на успешност.

Останатите пасуси од забелешката се однесуваат на превземени активности на УИС и идни активности поврзани со наодот 1.1.

Забелешките на директорот на Управата во однос на потточките/ наодите **1.2. и 1.3.** кои се однесуваат за подзаконските акти и трошоците за спровод **претставуваат известување** за причините на констатираните состојби и постапките кои ќе бидат преземени во насока на надминување на истите.

Забелешката по однос на потточката **2.1.** се однесува на планирање на средства за поправки и тековно одржување на опрема за обезбедување на Установите, односно истата претставува појаснување на состојбата во наодот од Нацрт извештајот.

Во однос на забелешката на директорот на Управата, од точката 2 – Затворски услови потточка **2.3.** од Нацрт извештајот, која се однесува на екипираност на затворскиот персонал, истата претставува известување за причината на констатираната состојба содржана во наодот.

Забелешката на наодот од точката 2 – Затворски услови потточка **2.4.** од Нацрт извештајот, која се однесува на прецизно дефинирање на посебните услови (вид на образование), кои се неопходни за вршење на работните активности по систематизираните работни места во КПУ Идризово и Скопје, **претставува објаснување** за причината на констатираната состојба содржана во наодот.

Забелешката на наодот од точката 2 – Затворски услови потточка **2.6.** од Нацрт извештајот, се однесува на отсуството на критериуми за утврдување на висината на надоместоците за работно ангажирање на осудените лица во и надвор од установите, и истата претставува **потврда** на наодот од Нацрт извештајот, како и **известување** за преземени активности – изготвување на акт - Упатство за утврдување на висина на надоместоци на осудените лица кои се работно ангажирани во и надвор од установата.

Забелешката на наодот од точката 2 – Затворски услови потточка **2.7.** од Нацрт извештајот, која се однесува на констатираната состојба дека УИС нема воспоставено процедура ниту утврдено прецизни критериуми во однос на начинот на распределба на средствата од Програмите за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ за годините 2008, 2009, 2010 и 2011 година, **не се прифаќа**, поради тоа што ревизијата не доби соодветни и компетентни ревизорски докази за начинот на кој е извршен изборот на инвестициони работи за годините предмет на ревизија. Ревизијата ги имаше во предвид доставените Упатства за распределба на буџетските средства на КПУ од потпрограмата 3А - Изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ, за 2010 и 2011 година и констатира дека распределба на средствата се врши без воспоставена процедура преку која стручни лица со однапред



*Ревизорска екипа:* *Овластен државен ревизор*

| | |
|---|---|
| *1.* | *5.* |
| *2.* | *6.* |
| *3.* | *7.* |
| *4.* | *8.* |

утврдени критериуми ќе вршат правилен избор на видот и местото на капиталните инвестиции.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка 2.8. од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката, **е појаснување** за превземените активности по однос на наодот од споменатата точка.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка 2.9. од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката, претставува **известување** за преземени активности за констатираната состојба содржана во наодот.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка 2.10. од поглавјето Ревизорски наоди, која се однесува за поседување на дозвола за вршење на дејност – издавање на метадонска терапија , забелешката на УИС, **делумно се прифаќа** во насока на дополнение и појаснување на наодот од Нацрт извештајот.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка 2.11. од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката, **не се прифаќа,** бидејќи не се однесува во насока на несогласување или спорење на наодот искажан во Нацрт извештајот, туку е објаснување за функционирањето на здравствената заштита во установите како и планираните активности за надминување на состојбите во здравствените установи.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка 2.12. од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката, **не се прифаќа**, бидејќи на барање на Затвор Прилеп за вршење на хируршка интервенција согласно упат од општиот лекар до ЈЗУ Борка Талески – Прилеп два пати истото е одбиено при што неопходните интервенции биле извршени во други градови со што се зголемува ризикот по здравјето на осудените лица[1].

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка 2.13. од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката, **не се прифаќа**, бидејќи со увидот на лице место и разговори со надлежните за здравствена заштита во КПУ, беше утврдено дека терапијата на лекови не се дава редовно туку неделно поради недостаток на медицински персонал со што се зголемува ризикот од злоупотреба на лекови.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточката 2.14. од поглавјето Ревизорски наоди која се однесува на обезбедени услови за престој на осудени лица кои се душевно болни и ангажираност на стручно лице за нивен третман,

---

[1] Извор на податоци: Барање бр. 12/09 од 24.02.2010 год. од Затвор Прилеп до Општа болница Прилеп и Известување бр. 03-230/1 од 02.07.2010 год. од Затвор Прилеп до ЈЗУ Општа болница Борка Талески Прилеп.

забелешката, **делумно се прифаќа**, односно, во КПУ Идризово има ангажирано стручно лице за третманот на осудените лица кои се душевно болни. Останатиот дел од наодот останува во форма од Нацрт извештајот.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка **2.15.** од поглавјето Ревизорски наоди кој се однесува на хигиенските услови, забелешката **претставува објаснување** за превземените активности по однос на наодот од споменатата точка.

Во однос на точката 2 – Затворски услови, потточка 2.16. од поглавјето Ревизорски наоди кој се однесува на учество на претставник од осудените лица за подготовка на мени за храна за осудени лица, забелешката претставува **потврда и објаснување** за превземените активности по однос на наодот од споменатата точка.

Во однос на точката 3 -ресоцијализација и **потточките 3.1., 3.2., 3.3., 3.4.** и **3.5** од поглавјето Ревизорски наоди, забелешките не се однесуваат во насока на несогласување или спорење на наодите искажани во Нацрт извештајот, туку **се објаснувања** за превземените активности како и за активности кои се планира да се преземат во иднина по однос на наодите од споменатите точки. По однос на **потточката 3.1.** забелешките се во насока на објаснување на активностите и очекувањата од реализирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи кои треба да придонесат за подобрување на условите за престој на осудените лица.

Во однос на точката 3 – ресоцијализација и социјална адаптација, **потточката 3.2.** забелешките претставуваат објаснувања насочени кон превземени активности по завршување на ревизијата, за кои, нема поткрепувачка документација во прилог.

Забелешките на точката 3 – ресоцијализација и социјална адаптација, **потточка 3.3.,** всушност се известување дека постапката за прием на осудени лица е стандардизирана, што е објаснето и во Нацрт извештајот. „Ревизијата се информира дека стандардизираните процедури за постапување при прием[2] се изработени во согласност со барањата на ЕУ стандардите во 2010 година, а имплементацијата на истите се планира да започне во јануари 2012 година".

[2] -Упатство за постапување со осудени лица при прием
-Промени во содржината на стручното досие
-Стандардизиран образец – план на казна
- Стандардизирани обрасци за проценка на ризикот на осудени лица и Упатство за примена на Инструментот.

Забелешките на точката 3 – ресоцијализација и социјална адаптација, **потточка 3.4.** не се насочени кон несогласување со наодот туку истите се објаснувања на законските одредби со кои се одредени обврските на надлежните институции (Управата за извршување санкции и Министерството за образование), како и активностите кои започнала да ги превзема Управата за надминување на состојбата опишана во наодот.

Забелешките на точката 3 – ресоцијализација и социјална адаптација, **потточка точката 3.5** не соодветствуваат со суштината на наодот. Имено, во наодот опишани се состојбите утврдени со увид на лице место и наведено е дека условите кои постојат во затворските установи во РМ доведуваат до мешање на затворениците од различни возрасти како и на затвореници со различни дела, односно, мешање на зависници, сторители на сексуални деликти, насилни сторители, како и помлади сторители со повратници. Наведеното од забелешката се однесува на раздвојување на осудени лица од различен пол, малолетни од полнолетни, осудени од притворени лица, како и раздвојување на болни осудени и на осудени лица кои се странски државјани.

Забелешките на Нацрт ревизорскиот извештај доставени од директорот на Управата за извршување на санкции се разгледани и е оценето следното:

- забелешките по поглавјето Ревизорски наоди, точка 2 – Затворски услови, потточка **2.10., 2.14.**, содржат елементи за измена - дополнување или допрецизирање на состојбите искажани во Нацрт извештајот;

- останатите забелешки не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот и затоа формулациите по одредени состојби во иста форма остануваат и во Конечниот извештај.



| *Ревизорска екипа:* | | *Овластен државен ревизор* |
| --- | --- | --- |
| *1.* | *5.* | |
| *2.* | *6.* | |
| *3.* | *7.* | |
| *4.* | *8.* | |